*По размената на уметничките дела*

# Трампата не смееше да се случи

## *Ова во голема мера е резултат на гангренозната состојба во културата*

ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ



Не можам да се изначудам на неточностите, на незнаењето, на подметнувањата, но и на глупостите што ги сретнав во дел од искажаните ставови во врска со размената на ликовни дела што ја направи Уметничката галерија "Скопје". Ги читам и ги слушам со денови, и тврдам дека тие, во голема мера се резултат на општата гангренозна состојба во нашата култура денес. Тие повеќе зборуваат за една коњуктура, за додворувања, за лични интереси и суети отколку што даваат објективна оценка на настанот. Никако не сакам да го заборавам и зихераштвото, затоа што прашањето за размена на дела од странски автори за дела од наши, македонски автори, ја крие "опасноста" искажаниот став да ви донесе етикета "југофил" што "страда од национална инфериорност и патолошка несигурност во сопствените вредности" (!?), или пак човек што дава поддршка на "сталинистичко-комунистички методи". Тука ја најдов и основната причина за оваа моја куса реакција.

Трампа не смееше да се случи!

Немам време, а богами ни желба, да правам полемички анализи на текстовите што беа објавени во одбрана на оваа размена. Но, сепак, ќе запрашам: зарем делата на еден уметник мораат да бидат тука за да "постојат за нашата култура"? Зарем сите оние големи дела од светските галерии и музеи не постојат за нашата култура? Барем Вие, историчари-критичари-директори, би требало да го знаете она што секој уметник го знае: понекогаш, ненадејна средба со слика од друг сликар, слика што не мора да биде ремек-дело, може да биде повод за жив и продуктивен сликарски дијалог, многу повеќе од сите "капитални дела" од истиот автор. Оттука, каква ли е таа средина во која делата на еден Челебоновиќ, едел Лубарда, Надежда Петровиќ, Добровиќ итн., "немаат никаква практична естетска и музеолошка функција"? Па некои од овие сликари беа професори на професорите на бројни генерации македонски сликари, денес исто така професори, што стојат на врвот на македонското сликарство на 20 век. Ете ја и музеолошката функција на тие дела.

Никола Мартиноски ја чуваше сликата на Лубарда на највидното и најубавото место во својот дом. Таа сè уште таму стои, во друштво на Божидар Јакац и, се разбира, во друштво на самиот Мартиноски.

Ликовните дела не познаваат "туѓ простор". Кога еднаш ќе излезат од ателјеата, сликите поседуваат сопствен живот. Тие не признаваат ни простор, ни време, ја тераат сопствената судбина и си градат дом таму каде што се. Ставот на, верувам, секој ликовен уметник јасно ќе го разберете ако отворите еден каталог или монографија. Во биографиајта на уметникот ќе ја најдете и очигледно, за него, значајната референца: ... неговите дела се наоѓаат во тие држави, во тие музеи, во тие галерии или колекции...

За равенството депо-еднакво-дела од втора и трета категорија наместо коментар само ќе потсетам: и сликите на еден Ел Греко скапаа во депоата на Европа сè до 19 век.

Оценките и проценките од типот "дадовме малку - добивме многу" се невозможни, а кога се во прашање вакви врвни мајстори, тие прозвучуваат по малку перверзно и имаат периферно значење. Приказната на Личеноски и Словенецот задолжен за продажба на слика, ни понуди одлична илустрација, но за еден тесен, чиновнички менталитет од кој ние секако мораме да се одбраниме. Секоја здрава средина треба да се радува кога во неа ќе дојде некое ново, значајно уметничко дело. Но, секоја здрава средина треба и да жали кога од неа ќе си оди некое значајно уметничко дело. Затоа мислам дека оваа држава мора да смогне сили и да обезбеди средства за откупи на ликовни дела. Тоа е единствениот начин. Астрономските цифри и "пазарните цени" што сега се споменуваа се само доказ за потребата од мистификации или, пак, за неупатеноста на "квалификуваните" поединци. Се работи за далеку помали суми, безначајни дури и за сиромашна држава, ако барем малку држи до своето културно наследство.